# Ако влезеа во него, немаше да излезат сè до Денот на оживувањето. Послушноста е доброто.'“

Али, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, испратил воена единица и поставил за водач еден човек од енсариите, наредувајќи им на другите да му бидат послушни. Еднаш тој се разгневил и им рекол: ‚Зарем Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, не ви нареди да ми бидете послушни?’ Тие рекоа: ‚Да.’ Тогаш им нареди: ‚Соберете дрва!’ – и тие собраа. Потоа рече: ‚Запалете оган!’ – и запалија. Потоа рече: ‚Влезете во него!’ Тие намислија да влезат, но едни почнаа да ги задржуваат другите, велејќи: ‚Ние му прибегнавме на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, токму бегајќи од огнот.’ Така останаа додека огнот не изгасна, а неговиот гнев се смири. Кога веста стигна до Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, тој рече: ‚Ако влезеа во него, немаше да излезат сè до Денот на оживувањето. Послушноста е доброто.'“

[صحيح] [متفق عليه]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, испратил воена единица и поставил за нив како водач еден човек од енсариите, наредувајќи им да му бидат послушни. Во еден момент водачот се разгневил и им рекол: „Зарем Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, не ви нареди да ми бидете послушни?“ Тие одговорија: „Да.“ Тогаш рече: „Ви наредувам да соберете дрва, да запалите оган и да влезете во него.“ Тие собраа дрва и запалија оган, но кога намислија да влезат во него, почнаа да се гледаат меѓусебе и рекоа: „Ние го следиме Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, токму за да се спасиме од огнот – па како сега да влеземе во него?“ Додека така расправаа, огнот се изгаси, а гневот на водачот се смири. Кога ова му беше пренесено на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, тој рече: „Ако го послушаа и влезеа во огнот што го запалија, ќе беа казнети во него и немаше да излезат додека трае овој свет. Нема послушност кон созданието во непослушност кон Создателот. Послушноста важи само во она што е добро, а не во грев.“

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee